Република Македонија
**Агенција за катастар на недвижности**

[redacted]

Бр. 0309-24297/2
Дата: 17 OCT 2017 Скопје

**Република Македонија**
**Агенција за катастар на недвижности**

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

**ДО**
**М-р Никола Рибароски**
**Проф.Д-р Башким Идризи**
**Јана Белчева-Андреевска, консултант за ИТ и ГИС**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Од страна на Владата на Република Македонија, до Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) е доставен Вашиот предлог: Нацрт идејни решенија за промени во делот на геодезијата и катастарот, со цел Агенцијата за катастар на ндвижности да се произнесе за релевантноста и прифатливоста на предлогот.

Со увид во предлогот се утврди дека сите предлози-идејни решенија се поврзани со измени на законската регулатива која ја регулира надлежноста на Агенцијата за катастар на недвижности.

Поединечно по секое од вашите нацрт-идејни решенија, Ве известуваме за следното:

1. **Промени во функционирањето на надлежната институција АКН**

1.1. По однос на оваа точка укажуваме дека Агенцијата за катастар на недвижности е правен следбеник на Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР) како орган на државната управа. Трансформацијата на ДЗГР во АКН се изврши при имплементацијата на Проектот „Катастар на недвижности и регистрација“ финансиран со кредит од Светска Банка, во кој како една од целите беше оваа трансформација на институцијата, која во иднина ќе се стреми кон зголемување на сопствените приходи како дел од Буџетот на

[redacted]

Агенцијата. Враќањето од Агенција во Управа значи враќање назад и намалување на ингеренциите на АКН, што не е нејзина цел.

1.2. По однос на Европската директива INSPIRE Ве известуваме дека е веќе донесен Закон за НИПП во кој е транспонирана наведената директива и АКН ја има управувачката улога во однос на Националниот геопортал и се јавува во улога на координатор на овие активности. Што се однесува до Адресниот регистар, во АКН се во тек активности на прибирање на адресни податоци за пилот проект кој опфаќа три општини на територијата на Република Македонија, по што ќе следи измена на законската регулатива која ќе ја регулира оваа материја.

1.3. По однос на третата точка Ве известуваме дека приватниот геодетски сектор беше висок приоритет за АКН и за време на имплементацијата на Проектот „Катастар на недвижности и регистрација" финансиран со кредит од Светска Банка, кој приоритет приватниот геодетски сектор ќе го задржи со новиот Закон и институцијата и понатаму ќе остане јавен сервис на сите заинтересирани корисници. За тоа дека АКН е сервисно ориентирана институција говорат и следните податоци: од околу 770 потпишани договори за користење на електронскиот шалтер, 170 се со приватните геодетски друштва, 7 со банките, 12 со центрите за социјални работи, 39 со адвокатите, 99 со извршителите, 13 со министерства/ управи, 208 со нотарите, 10 со обвинителства, 93 со проценители, 22 со Стечајни управници, 18 со Судови, 1 со Биро за судски вештачења и 82 со Единиците на локална самоуправа.

1.4. По однос на националните здруженија за геодезија, Ве известуваме дека такво здружение беше формирано во јануари 2006 година, на иницијатива на 15 геодетски друштва, но истото не покажува посебни активности. Доколку постои иницијатива за формирање на национално здружение за геодезија, АКН ќе го поддржи истото. Воедно геодетските друштва согласно Законот за катастар на

недвижности од 2008 година се здружени во професионална Комора.

1.5. Во врска со изготвувањето на картографските производи, Ве известуваме дека истите се веќе регулирани со Законот за катастар на недвижности, согласно кој и други правни лица можат да изготвуваат вакви производи. Во идниот период АКН посебен акцент ќе стави на понатамошниот развој на картографијата проследено со набавка на нов хардвер и софтвер, а со цел проширување на лепезата со нови картографски производи наменети за граѓаните и институциите.

1.6. Идејата за воспоставување на метролошка лабораторија е присутна подолг период во Република Македонија и АКН ќе предложи законски решенија за нејзино воспоставување, а дали истата ќе биде во рамките на институцијата или надвор од неа, дополнително ќе биде предмет на одлучување.

## 2. Суштински предлог измени на Законот за катастар на недвижности и креирање на нови закони

2.1, 2.2. По однос на овие точки Ве известуваме дека со решение на Директорот на АКН е формирана работна група која работи на изготвување на предлог законски решенија, во кои се опфатени сите геодетски работи, како во надлежност на АКН така и во надлежност на приватниот геодетски сектор. Имено, ќе бидат изготвени работни текстови на Закон за геодетска дејност и Закон за запишување на недвижностите и за регистрите, кои активности се вградуваат во Стратешкиот план на АКН 2018-2020 година.

2.3 По однос на оваа точка Ве известуваме дека АКН има изготвено апликација „е-кат шалтер“ која е достапна за сите професионални

корисници, вклучувајќи го и приватниот геодетски сектор. Апликацијата овозможува издавање на имотен лист, а во иднина ќе издаваат и извод од катастарски план и уверение за историски преглед на извршените запишувања. Со надградба на е-кат шалтерот, приватниот геодетски сектор ќе може да издава и други податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем, вклучувајќи ги и картографските производи. Воедно согласно Законот за катастар на недвижности, на приватните геодетски друштва им е овозможено во име на странките да поднесуваат пријави за запишување со геодетски елаборати, за што во тек се измени на Тарифниците со кои се пропишува соодветен надоместок за доставувањето. Со ова може да се каже дека приватниот геодетски сектор има улога на еден вид шалтер на АКН.

2.4. Ажурирањето на податоците во катастарот на недвижности со подобрување на нивниот квалитет ќе биде опфатено со Стратешкиот план на АКН чија изработка е во тек, а истото ќе се уреди во новите законски решенија. Со наведеното ажурирање ќе се изврши и унифицирање и стандардизирање на податоците.

2.5. По однос на оваа точка Ве известуваме дека ќе се имаат предвид најдобрите практики за тоа како ова прашање е регулирано во другите Агенции во Република Македонија кои имаат Управни одбори, при што ќе се следат политиките на Владата на Република Македонија.

2.6. Изготвувањето на Предлог Тарифникот за висината на надоместоците за извршените геодетски работи од страна на приватниот геодетски сектор е во надлежност на Комората, а пропишаното намалување до 50% ќе биде предмет на регулирање во новите законски решенија.

2.7. Во следните законски измени членот 146 ќе се допрецизира во насока на тоа службените лица да не подлежат на одговорност при спроведувањето на правните основи врз основа на кои вршат запишување/промени.

Место за Дигитални потписи

Изработил | Контролирал | Одобрил | Согласен | в.д. Директор

2.8. При изготвување на новите законски решенија ќе се преоцени постојната казнена регулатива со цел нејзино усогласување со Законот за прекршоци, како и допрецизирање на одредбите кои го регулираат надзорот над приватниот геодетски сектор. Воедно се планира да се воведе институтот "опомена" пред изрекување на парична казна и одземање на овластување/лиценца.

2.9. Од причини што се работи за пренесени јавни овластувања од АКН на приватниот геодетски сектор, ќе се разгледа можноста за намалување на бројот на членови од АКН во Управниот одбор на Комората, како и нивната улога во Управниот одбор на Комората.

**3. Воспоставување на соработка со сите релевантни субјекти од владиниот и невладиниот сектор со цел заживување на геодетскиот еснаф**

3.1 По однос на оваа точка, Ве известуваме во процедура е постапка за усогласување на повеќе закони меѓу кои се и наведените закони. АКН активно е вклучена во Работната група формирана од Државниот градежен инспекторат, која покрај на Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање, ќе работи и на усогласување на Законот за градежно земјиште, Законот за експропријација, Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Законот за заштита на културното наследство.

3.2 Одговорот е даден во точка 1.4. Притоа сакаме да укажеме на фактот дека геодетската Комората е членка на советот на геодетите на Европа CLGE, а АКН е членка на интернационалната федерација на геодети FIG. Како членка на оваа организација, АКН ќе ги искористи своите релации и контакти во насока на тоа доколку други геодетски здруженија/комора пројават интерес да се зачленат во FIG истите да ги поддржи.

 [redacted]

3.3 Согласно постоечките законски прописи постои разграничување на овластувањата на Комората на инжинери со овластувањата на АКН. Во следнот период преку измена на постојните или изготвување на нови закони ќе се изврши усогласување на иститите и доколку се утврди за потребно ќе се изврши допрецизирање на овластувањата, кои се во надлежност на АКН и во надлежност на другите комори и здруженија.

3.4 По однос на оваа точка Ве известуваме дека АКН, како и досега, ќе продолжи со отворена и професионална соработка со сите компании кои работат во секторот за ГИС, вклучувајќи ги и ИТ компаниите, со цел подигање на квалитетот на податоците и стандардите. По однос на квалитетот на податоците како што беше бразложено во точка 2.4 од овај допис, АКН ќе работи на подобрување на податоците со кои располага и кои се јавно достапни на АКН-ГИС порталот за сите заинтересирани корисници.

Со почит,

**в.д. Директор**

**М-р Борис Тунџев**

**Изготвиле/Одобриле:**

Неша Петрушевска

Татјана Ценова Митревска

Соња Димова

Сања Волканова

Место за Дигитални потписи

| Изработил | Контролирал | Одобрил | Согласен | в.д. Директор |
|---|---|---|---|---|